РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1919/2
30-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-2022/1 од 23.07.2025 година оформен по пријава против лицето --------, директор на ------- на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека нема прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои го регулираат постапувањето во ситуација на постоење на судир на интерси и не е констатирана состојба на судир на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето на истата.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2022/1 од 17.07.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител против службеното лице ------, директор на ------ на Република Северна Македонија.
Во пријавата се наведува дека службеното лице ------ во својство на директор извршил превземање на лицето ------ кој бил вработен во ------- и истото лице го вработил на работно место во неговиот кабинет. Исто така, пријавителот наведува дека овие две лица се блиски лица.

Со цел проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија ја прибра потребната документација, по што го утврди следното:

Во ---- лицето ---- било превземено од друга институција преку барање за спогодбено превземање.
Имено, лицето ----- бил вработено во ------ на работно место помлад соработник за земјоделство и рурален развој во Одделение ------, Скопје, а по неговото превземање бил

распореден на работно место помлад соработник во ----- --, самостојно одделение во ------ со бр. 04-2692/1 од 15.10.2024 година.

Од страна на ------ било поднесено Барање за спогодбено превземање на административен службеник на лицето ----- со бр.04-2501/1 од 01.10.2024 година до ------ на Република Северна Македонија. Понатаму, лицето ----- имало поднесено изјава за согласност за спогодбено превземање на неопределено време со бр.04/191/2 од 21.10.2024 година, како и директорот на ------ има издадено изјава за согласнот за спогодбено превземање на административен службеник на неопределено време со бр. 04-191/3 од 321.10.2024 година, каде што лицето изјавува дека е согласно да се изврши спогодбено трајно превземање на административниот службеник -------.

-------- поднела барање за согласност до Министерството за јавна администрација од каде е добиена писмена согласност за спроведување на постапката за трајно превземање со бр.04-2692/6 од 21.11.2024.

Со Решение за овластување и задолжување за времено вршење на работи и работни задачи бр.04-1039/1 од 13.03.2025 година лицето ------- со звање помлад соработник за евиденција во Одделението за следење на измами со храна во -------- е овластен да ги извршува работните задачи на работно место помлад соработник сметано од 13.03.2025 година.

Државната комисија утврди дека директорот на ----- не е блиско лице со лицето --------- согласно доставената Изјава под морална и материјална одговорност од негова страна дека лицето ------ не е негово блиско лице во смисла на член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, согласно член 8 став 4 од овој закон е предвидено следното: „Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес".

Врз основа на прибраната документација, Државната комисија констатира дека наводите од пријавата делумно се потврдуваат, лицето -------е превземено од --------- во ----- на Република Северна Македонија, но истите не се блиски лица во смисла на член 8 став 4 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси со службеното лице -----, директор на ---------- по што не е настаната состојба на судир на интереси согласно член 2 став 3 од истиот закон со кој е предвидено следното: „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М.– соработник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил : м-р Б.К.Ш – член на ДКСК